## Годишен извештај за активностите на Општина Крива Паланка
## во областа на ИКТ во 2022 година

Во тек на 2022 година Одделението за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија ги презеде следните активности во областа на информатичкиот развој и компјутерската технологија, согласно Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на развојот на информатичко-комуникациската технологија за 2022 година и Стратегијата за локален развој на Општина Крива Паланка за 2015-2020 година.

### Одржување на оперативноста на информациско-комуникацискиот систем

Активностите за одржување на оперативноста на информациско-комуникацискиот систем во Општината беа насочени кон одржување и управување со системот, правење на резервни копии на базите на податоци од апликациите кои се сместени на серверите на Општината, инсталација и конфигурација на нов хардвер, ажурирање на постојниот и имплементација на нов софтвер, управување со корисниците и дозволите за пристап, подобрување на перформансите на системот, одржување на мрежата во работна состојба, решавање на пријавените проблеми, администрација на сигурноста, планирање и развој на ИКТ системот во насока на обезбедување непрекинат и безбеден процес на работа и испорака на навремени и квалитетни услугите за граѓаните.

Согласно предвидениот буџет овозможено е одржување на апликациите и хостирање,
набавка на софтвер за заштита, а преку тендерска постапка обзбедено е тековно одржување и надградба на хардвер, софтвер и мрежна инфраструктура.

### Одржување на достапноста и функционалноста на веб страната на Општината

Во тек на 2022 година овозможена е континуирана достапност и функционалност на веб порталот и на услугите кои ги дава Општината преку својот веб портал. Веб порталот на Општината www.krivapalanka.gov.mk редовно се ажурира со најнови информации за активностите на Општината, како и со одлуките кои се однесуваат на граѓаните. На страната редовно се поставуваат службени гласници, стратешки документи, програми за работа, извештаи како и сите останати документи и информации кои согласно Законот за слободен пристап до информации, општината е должна да ги објави. На веб порталот е имплементиран и регистар кој ги содржи услугите кои ги овозможува општината со опис на потребните документи, административни такси и потребни обрасци.

Општина Крива Паланка континуирано работи да се овозможи еднаков, полесен и побрз пристап до услугите, а истовремено да се овозможи транспарентност и отчетност.

### Имплементација на Географски информативен систем (ГИС)

Со цел да ја унапреди ефикасноста и точноста во работата на своите служби, како и да ги отвори податоците за граѓаните, Општина Крива Паланка работи на имплементација

на Географски информациски систем (ГИС) кој претставува матица на сите податоци кои имаат географски атрибути и овозможува централизирано управување и одржување на сите просторни податоци во ажурирана состојба. Апликацијата има јавен дел достапен за граѓаните на https://gisportal.gdi.mk/visios/KPPublic.

Во текот на 2022 година продолжија активностите за надградба на системот и голем дел од просторните податоци со кои располага Општината и ЈП Комуналец е процесиран и интегриран во постоечката ГИС инфраструктура. Ажурирани постоечките и внесени се нови податоци од областа на делување на ЈП Комуналец, како контејнери, водоводна инфраструктура и други објекти од комунална инфраструктура (гробишта, зеленило, рекреација); додадени се опфати на ГУП и УП во процес на донесување; додадени се податоци за планинарски патеки на ниво на Општината.

**Подобрување на информатичко –комуникациската инфраструктура**

Општина Крива Паланка ги следи сите новини и измени во делот на примената на ИКТ
во работењето и согласно своите можности ја унапредува работата со примена на нов хардвер и софтвер. Сите вработени се обезбедени со соодветна ИТ опрема и се вклучени во информацискиот систем на Општината.

Во тек на 2022 година преку тендерска постапка набавени се три персонални компјутери, два мултифункциски уреди, набавена е и IP PBX телефонска централа со 10 IP телфони, а преку донација е добиен еден преносен компјутер.

**Останати активности**

- Обука и поддршка на вработените при користење на информатичката опрема и
софтверските апликации.
- Дигитализација на дел од општинските услуги преку имплементирање на мобилната и веб-апликација „мЗаедница“.
- Планирање на развојот на информациската инфраструктура во Општината.

**Одделение за јавни дејности,**
**економски развој и информатичка технологија**